ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-201/1
13-01-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по електронска пријава од непознат подносител Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката по предметот со број 08-2528/1 од 24.09.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2528/1 од 24.09.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-2528/1 од 24.09.2024 година е оформен по електронска пријава од непознат поднесител во која се дадени наводи за неподнесување на Анкетен лист односно Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК од страна на повеќе в.д директори.

На колегиум одржан на 10.01.2025 година по однос на постапување по предметот бр.08-2528 од 2024 година донесен е заклучок да се отворат предмети за следните лица:______________________________________________________________.

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ____________________ во законски предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата Директор на ________________________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно горенаведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ___________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/7 од 03.03.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/8 од 03.03.2025 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за достава на прекршочниот платен налог, при што сторителот на ден 13.03.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иврешна уплата.

Државната комисија, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето _______________, изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/5 од 03.03.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/6 од 03.03.2025 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за достава на прекршочниот платен налог, при што сторителот на ден 13.03.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иврешна уплата.

**Сторителот и отпосле тоа нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.**

Дел од пријавата е и ___________________, ВД Директор на___________________. Лицето нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК .

За неа е постапувано во друг предмет со бр.08-2961/1 од 30.10.2024 година, во кој му се изречени две глоби за сторен прекршок по член 82 став 1, и член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ________________ во законски предвидениот рок по избор на функција в.д Директор на ______________________________, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Со цел утврдување на фактичката состојба, а постапувајќи по отворен предмет за лицето ____________________ пуштено е барање за добивање на податоци

до ______________________________. Во однос на барањето добиен е одговор во кој сме известени дека лицето е раководител на организациона единица која е во склоп на правниот субјект ________________________________________, каде вд Директор е именувано вон. ____________________.

Како раководител ______________ нема законска обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Дел од пријавата е и ____________________, по именување на функцијата Вд директор на ______________________.

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека лицето нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

За него е постапувано во друг предмет со бр. 08-3196/1 од 23.12.2024 година, во кој му е изречена глоба за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека _________________ по именување на функцијата Вд Директор на _____________________ нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

За него е постапувано во друг предмет со бр. 08-3196 од 23.12.2024 година, во кој му е изречена глоба за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека **Марјан Шокаровски** по именување на функцијата в.д. директор на ЈЗУ УК за кардиологија на 20.06.2024 година нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК **во рок.**

Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/11 од 03.03.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/12 од 03.03.2025 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.
ДКСК направи обид за достава на прекшочниот платен налог до лицето при што сторителот е уредно известен но не ја подигнал пратката и со тоа не постапил во законски утврдениот рок.

ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија по што што е донесено решение со бр. 14-1536/4 од 05.08.2025 година со кое сторителот е прогласен за **одговорен.**

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ____________________ по престанок на функцијата в.д. директор на ______________________ на 27.08.2024 година нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК во законски предвидениот рок од 30 дена, истиот има поднесено изјава за имотна состојба и интереси на 21.10.2024 година, после скоро 2 месеци.

Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/9 од 03.03.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/10 од 03.03.2025 година за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.
ДКСК направи обид за достава на прекшочниот платен налог до лицето при што сторителот е уредно известен но не ја подигнал пратката и со тоа не постапил во законски утврдениот рок.

ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија по што што е донесено решение со бр. 14-1537/4 од 21.08.2025 година со кое сторителот е прогласен за **одговорен.**

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека _______________, по престанок на функцијата ________________________________________, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/13 од 03.03.2025 година, и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/14 од

03.03.2025 година, за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Истиот има постапувано и ја платил глобата во наведениот износ, видно од доставената уплатница на како доказ за иврршена уплата.

**Сторителот и отпосле тоа нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.**

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ____________________ по престанок на функцијата Вд Заменик на Директорот на _____________________________ не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/22 од 19.03.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/23 од 13.03.2025 година, при што сторителот е уредно известен но ја нема подигнато пратката и со тоа не постапил во законски утврдениот рок.

ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија по што што е донесено решение со бр. 14-2294/4 од 06.10.2025 година со кое сторителот е прогласен за **одговорен**

**Сторителот и отпосле тоа нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК**

Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека __________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата Заменик на директорот на ___________________________________не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-953/25 од 20.03.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-953/25 од 20.03.2025 година, , за сторен прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.

Истиот има постапувано и ја платила глобата во наведениот износ, видно од доставената уплатница на како доказ за иврршена уплата и постапката е запрена.

**Сторителот и отпосле тоа нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК**

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

_________________________ е дел од пријавта, да се прави проверка по престанок на функцијата директор на _________________________ дека нема поднесено анкетен лист односно изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Со цел утврдување на фактичката состојба Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека _____________________ има поднесено анкетен лист во стар систем за избор на функцијата директор на ________________ на 14.03.2023 година, има поднесено анкетен лист за престанок на фунцијата на 19.12.2023 година, и анкетен лист за повторен избор на 19.12.2023 година. Во новата административна алатка има поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК за престанок на функција Директор на ____________________ на 16.07.2024 година има поднесено **во рок** на 09.08.2024 година.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изготвил:** К.Б, Помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** м-р С.Д, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk